Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0203-149/1
09.07. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ / SHKUP

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 21-1980/1
09.07. 2021
Скопје/Shkup

# ЗАПИСНИК
## од
## 20-тата седница на
## Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП
## одржана на 20.05.2021 година

На 20.05.2021 година со почеток во 14:00 часот, а со цел почитување на мерките за безбедност и заштита од вирусот КОВИД-19, преку електронска врска, се одржа дваесеттата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

На состанокот присуствуваа: г. Бојан Маричиќ – министер за правда, г-а Даница Цонова - в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП - владин агент, г. Оливер Спасовски – министер за внатрешни работи, г-а Олгица Василевска – Министерство за надворешни работи, г. Фатмир Бесими – министер за финансии, г. Димитар Ковачевски – заменик министер за финансии, г-а Анита Андоноска – генерален секретар на Судскиот совет на РСМ, г-а Лидија Димчевска – претседател на Апелациониот суд Скопје, г-а Весна Димитриевска Накова – судија во Апелациониот суд Штип, г-а Мирјанка Гоцевска Стефановска - судија во Апелациониот суд Штип, г-а Сузана Здравева - судија во Апелациониот суд Штип, г. Петре Србиновски – претседател на Апелациониот суд Битола, г-а Татјана Сусулеска – судија во Апелациониот суд Битола, г. Беким Мехмеди – претседател на Апелациониот суд Гостивар, г-а Загорка Тноковска – судија во Вишиот управен суд, г. Ацо Колевски – претседател на Советот на јавните обвинители, г. Бодан Лазаревски – јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, г. Драги Целевски – државен советник при Народниот правобранител, како и г-а Катерина Жатева и г-а Ана Фуна од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

Во однос на првата точка од дневниот ред, по иницијално барање на здружението НО ПАСАРАН, а на покана на министерот за правда, присуствуваше и г. Дамјан Гроздановски, како лице овластено од страна на Здружението на граѓани НО ПАСАРАН.

Своето отсуство од состанокот поради други службени обврски, навремено го најавија Врховниот суд и Уставниот суд.

Состанокот го отвори министерот за правда, г. Бојан Маричиќ, кој укажа на важноста на извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права ЕСЧП против Република Северна Македонија.

Дневниот ред беше усвоен без забелешки и дополнувања.

Состанокот продолжи со дискусија по точките од дневниот ред:

- **Стрезовски и други против Република Северна Македонија, А.бр.14460/16, 14958/16, 14962/16, 14966/16, 27884/16, 16064/17, 20229/17, 30206/17, пресуда од 27 февруари 2020 г. (правосилна на 27 јуни 2020 г.);**

Владиниот агент ги потсети присутните за причините поради кои ЕСЧП утврди повреда во предметниот случај и ги извести присутните дека Бирото, во предвидениот

рок, согласно своите надлежности достави иницијален акционен план до Комитетот на министри при Советот на Европа кој врши надзор врз извршувањето на пресудите на ЕСЧП. Понатаму, ги извести присутните за претходно одржаните средби со Здружението на граѓани НО ПАСАРАН, како и за нивните поднесоци до Комитетот на министри согласно правилата кои го регулираат надзорот што тој го спроведува над извршувањето на пресудите на ЕСЧП. Џонова се задржа на барањата на Здружението истакнати во нивните поднесоци до Комитетот на министри, како мерки кои Здружението предлага/бара да бидат преземени од страна на државата, а за целите на извршувањето на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и др.

Претставникот на Здружението на граѓани НО ПАСАРАН на овој состанок, г. Гроздановски ги повтори барањата истакнати пред Комитетот на министри, кои според Здружението треба државата да ги преземе за целите на извршување на предметната пресуда.

Џонова посочи дека во светло на барањата на Здружението постојат принципиелни разлики во однос на читање и разбирање на пресудата на ЕСЧП и дека оттука се разликите во однос на мерките кои ги предлага Здружението, а кои по оценка на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП далеку ги надминуваат барањата за извршување на пресудата на ЕСЧП. Имајќи предвид дека Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е во фаза на прибирање на дополнителни податоци и информации и анализа на истите, а во светло на подготовка на ажуриран акционен план за извршување на пресудата на ЕСЧП, од една страна и во таа смисла особено фактот дека со иницијалниот доставен акционен план не е опфатен развојот на настани по поднесувањето на првиот и иницијален акционен план, вклучително и последните измени на Правилникот за снабдување на топлинска енергија, а од друга страна имајќи ги предвид разликите во однос на разбирањето на обврските во делот на извршување на пресудата на ЕСЧП, потоа со оглед дека барањата на Здружението се веќе изнесени во контрадикторната постапка на надзор кој ја спроведува Комитетот на министри, беше оценето дека во оваа фаза најсоодветно би било во светло на ажурираниот акционен план кој го подготвува Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП, да се сочекаат евентуалните согледувања на Одделот за извршување на пресудите на ЕСЧП при надлежниот Генерален директорат или евентуално оценката на Комитетот на министри на состојбите и во однос на мерките кои државата треба да ги преземе. Ова дотолку повеќе што надлежните тела на Советот на Европа, ќе бидат во позиција да извршат независна оценка на потребите, земајќи ги предвид и таму веќе истакнатите барања на Здружението. Беше потенцирано дека евентуалните насоки од Советот на Европа за целите на извршување на пресудата и видот и природата на евентуално идни мерки за извршување на пресудата на ЕСЧП, претставуваат меѓународна обврска на државата и дека за исполнување на истите ќе се ангажираат и Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП и министерот за правда, како претседател на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

Во светло на информациите дека Регулаторната комисија за енергетика, која последните две измени на Правилникот за снабдување со топлиснка енергија ги направи независно и надвор од секоја консултација, а уште помалку по препорака на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП и/или Меѓуресорската комисија, и покрај тоа што за сега, според информациите со кои располага Бирото не се предвидуваат нови измени на Правилникот за снабдување со топлиснка енергија, дополнително и за сега надвор од процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, министерот за правда –

г. Маричиќ предложи Министерството за правда да иницира дијалог со Регулаторната комисија за енергетика при што ќе биде укажано уште еднаш на пресудата на ЕСЧП која секако треба да се земе предвид при евентуални измени на регулативата, а исто така министерот потенцираше дека во процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП е подготвен да го продолжи дијалогот со Здружението на граѓани НО ПАСАРАН.

- **Група на предмети Китановски против Република Македонија (Китановски против Република Македонија – водечки предмет А.бр.15191/12, пресуда од 22 јануари 2015 (правосилна на 22 април 2015 г.); Аслани против Република Македонија, А.бр.24058/13, пресуда од 10 декември 2015 (правосилна на 10 март 2016 г.); Андоновски против Република Македонија, А. бр. 24312/10, пресуда од 23 јули 2015 (правосилна на 23 септември 2015); Илиевска против Република Македонија А.бр. 20136/11, пресуда од 7 мај 2015 г. (правосилна на 7 август 2015 г.); Трендафиловски против Република Северна Македонија, А.бр. 59119/15, пресуда од 17 декември 2020 г. (правосилна од истиот датум); X и Y против Република Северна Македонија А.бр. 173/17 пресуда од 5 ноември 2020 (правосилна на 5 февруари 2021 г.);**

- **Хајрулаху против Република Македонија, А.бр. 37537/07, пресуда од 29 октомври 2015 година (правосилна на 29 јануари 2016);**

Во однос на разгледувањето на групата предмети Китановски против РМ и Хајрулаху против РМ, на предлог на Владиниот агент точките на дневен ред кои се однесуваат на нив беа разгледувани заедно, заради сличноста во однос на утврдените повреди како и на мерките кои државата треба да ги преземе за нивно извршување. Владиниот агент ги информираше присутните и за пресудите Трендафиловски против РСМ и X и Y против РСМ, кои Судот ги донесе во 2020 година, во кои беа утврдени повреди на на членот 3 од ЕКЧП. Г-а Џонова информираше дека, согласно информациите со кои располага Бирото, се преземаат потребните индивидуални мерки во однос на спроведување на ефикасни истраги во предметите во кои тоа е сè уште можно, што е особено важно и неопходно од аспект на индивидуалните мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП и барањата кои произлегуваат од констатираните повреди и праксата на Комитетот на министри во слични случаи. Џонова извести за определени проблеми кои се појавуваат во однос на ваквите истраги и мерките кои Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП ги презема со цел надминување на истите. Во основа таа изрази задоволство од начинот на кој обвинителството за сега ги прифаќа препораките на Бирото во оваа смисла, и плановите кои ги изготвуваат за дејствување во рамките на „свежите истраги" надлежните обвинителства. Во делот на општите мерки, беше укажано на проблемите во однос на функционирањето на сите аспекти особено граѓанскиот дел од надзорот како составен дел на ткн. „надворешен механизам". Таа нагласи дека функционирањето на сите елементи на надворешниот механизам е од исклучителна важност, како за извршувањето на предметните пресуди, така и за спречувањето на идни повреди на човековите права, како и дека Бирото прибира свежи информации од релевантните институции за целите на подготовка на ажуриран акционен план за предметните пресуди.

Во светло на ова, претставникот на Народниот правобранител г. Целевски информираше дека во однос на Народен правобранител – механизам за граѓанска

контрола, воспоставен со Законот за народен правобранител, дека мандатот на веќе избраните здруженија во 2019 година е истечен, па поради тоа во март 2021 година од страна на Народниот правобранител до Собранието било доставено барање за распишување на јавен оглас за избор на три здруженија кои ќе учествуваат како надворешни членови на Народен правобранител – механизам за граѓанска контрола. Истиот меѓутоа немаше информација дали Собранието на РСМ презело активности по нивното барање.

Во отсуство на информации во однос на тоа дали е започната постапка од страна на Собранието за нов избор на НВО, се заклучи Бирото да прибави дополнителни информации и доколку во светло на истите се заклучи дека постапката од страна на Собранието не е отпочната, Комисијата да даде препорака за спроведување на потребната постапка од страна на Собранието или доколку постапката е веќе започната, но не е завршена да се даде препорака истата да се забрза.

- **Л.Р. против Република Северна Македонија, А.бр. 38067/15, пресуда од 23 јануари 2020 г. (правосилна на 23 мај 2020 г.);**

Г-а Џонова ги информираше за причините за утврдената повреда на Конвенцијата во предметниот случај. Нагласи дека Бирото е во комуникација со надлежните органи, како и дека посредува во извесни проблеми во однос на потребните индивидуални мерки за извршувањето на предметната пресуда. Исто така информираше дека веќе е доставен иницијален акционен план до Комитетот на министри.

- **Трајковски и Чиповски против Република Северна Македонија, А.бр.53205/13 и 63320/13, пресуда од 13 февруари 2020 г. (правосилна на 13 јуни 2020 г.);**

Владиниот агент ги образложи причините поради кои во предметната пресуда ЕСЧП утврди повреда на членот 8 од ЕКЧП, односно правото на приватност. Исто така ги информираше присутните, согласно со податоците со кои располага Бирото, за преземените индивидуални мерки за извршување на пресудата. Во однос на генералните мерки кои се потребни за извршувањето на пресудата, нагласи дека се потребни законски измени со цел спречување на идни слични повреди.

Министерот за внатрешни работи, г. Оливер Спасовски потенцираше дека од страна МВР е започната постапка за измени на Законот за полиција, со кој би се спречиле слични повреди на Конвенцијата, во однос на кои Бирото за застапување треба да го информира Комитетот на министри.

- **Бошкоски против Република Северна Македонија, А.бр. 71034/13, пресуда од 4 јуни 2020 г. (правосилна на 4 септември 2020 г.);**

- **Јаневски против Република Северна Македонија, А.бр.30259/15, пресуда од 19 ноември 2020 г. (правосилна од истиот датум);**

Заради сличноста на причините поради кои е утврдена повреда на Конвенцијата од страна на ЕСЧП, дискусиите по однос на пресудите Бошкоски против РСМ и Јаневски против РСМ присутните одлучија да се спојат. Во однос на овие пресуди, Владиниот агент посочи дека станува збор за повторувачки предмети, кои се дел од група на

предмети во кои е утврдена повреда на членот 6 од ЕКЧП во однос на сослушување на сведоци во кривични постапки, и во случајот на Бошкоски против РСМ за недоволно образложени причини од страна на домашните судови за потребата од исклучување на јавноста од рочиштата. Нагласи дека во однос на индивидуални мерки во овие случаи потребно е повторување на спорните постапки пред домашните судови, доколку апликантите поднесат такво барање согласно важечките законски одредби.

Во однос на генералните мерки, Владиниот агент ја нагласи потребата од измени на Законот за кривичната постапка, за што веќе е формирана работна група, како активност во однос на која одамна е преземена обврска од страна на државата за целите на извршување на оваа група на пресуди која се чини постојано се зголемува со нови пресуди кои констатираат исти или слични повреди на ЕКЧП и дека Комитетот на министри е веќе известен за најавените измени на ЗКП. Дополнително, нагласи дека како адекватна генерална мерка би било донесување на став од страна на Врховниот суд на линија на ставовите на ЕСЧП, како и имајќи ги предвид причините кои довеле до повреда на ЕКЧП во оваа група на пресуди. Ова е особено важно во светло на причините кои во случајот на Бошкоски спротивно на ЕКЧП довеле до исклучување на јавноста од рочишта, особено доколку се има предвид дека повредата во оваа смисла не произлегува од законските одредби, туку од праксата на домашните судови. Беше постигната согласност дека од страна на Врховниот суд дополнително треба да се разгледа и можноста за усвојување на евентуален став во однос на проблемот кој се јавува во однос на сослушувањето на сведоците во кривичната постапка.

- **Анев и Најдовски против Република Северна Македонија, 17807/15 и 17893/15, пресуда од 3 септември 2020 г. (правосилна на истиот датум);**

Џонова ги образложи причините поради кои ЕСЧП утврди повреда во предметната пресуда, нагласи дека станува збор за повторувачки случај, како и дека за целите на извршување на предметната пресуда односно група на пресуди потребно е државата да преземе генерални мерки, што би подразбирало измени на Кривичниот законик. Ова би било на линија на реализација на веќе претходно преземена обврска од страна на државата пред Комитетот на министри. Комисијата беше информирана дека во однос на овие измени, како и некои други измени кои се особено во насока на извршувањето на пресудите со кои е констатирана повреда на членот 3 од ЕКЧП, во рамки на Министерството за правда се работи интензивно на интервентни законски измени.

- **Гелевски против Република Северна Македонија, А.бр. 28032/12, пресуда од 8 октомври 2020 г. (правосилна на 8 јануари 2021 г.);**

Во конкретниот случај станува збор за повторувачки предмет, во кој Судот утврди повреда на членот 10 од ЕКЧП, односно повреда на правото на слобода на изразување на апликантот поради кривична осуда за клевета. Владиниот агент нагласи дека, имајќи предвид дека по претходна препорака на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП, се преземени потребните индивидуални мерки, кои јасно произлегуваат од причините поради кои е констатирана повредата, но и од праксата на Комитетот на министри во слични случаи, како и дека генерални мерки се преземни од страна на државата уште пред да биде донесена предметната пресуда, Бирото работи на изготвување на акционен извештај кој ќе го достави до Комитетот на министри и ќе предложи затварање на надзорот над извршување на предметната пресуда.

- **Транскоп АД Битола против Република Северна Македонија, А.бр. 48057/12, пресуда од 1 април 2021 г. (правосилна на истиот датум);**

Г-а Цонова ги извести за причините поради кои ЕСЧП утврди повреда на членот 6 поради неодржување на усна расправа и повреда на принципот на контрадикторност на постапката. Исто така посочи дека како најсоодветна индивидуална мерка, како што е посочено и во самата пресуда на Судот, би било повторување на спорната постапка пред домашните судови. Во светло на ова, Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП извести дека во однос на евентуалното повторување на постапката, како индивидуална мерка за извршување на пресудата, препорака е веќе доставена до надлежните судови од страна на Бирото, а согласно неговите законски надлежности.

- **Стоименовиќ и Милошевиќ, А.бр. 59842/14, пресуда од 25 март 2021 г. (неправосилна);**

Г-а Цонова даде краток опис на фактите на предметниот случај и причините поради кои Судот утврди повреда на Конвенцијата и нагласи дека пресудата сѐ уште не е правосилна. Таа особено ги информираше присутните во однос на заклучокот на ЕСЧП дека повторувањето на постапката во случајот би било најсоодветен начин за извршување на пресудата.

- **Ј.М. и А.Т. против Република Северна Македонија, А.бр. 79783/13, пресуда од 22 октомври 2020 г. (правосилна од истиот датум);**

Во овој случај ЕСЧП утврди повреда на членот 8 од ЕКЧП, односно на правото на приватност на апликантите. Владиниот агент покрај описот на причините поради кои е утврдена повредата ги информираше присутните дека Бирото веќе има направено деталнa анализа на релевантните закони кои се донесени по спорните настани од пресудата, како и на законските иницијативи на кои се работи во моментот од страна на државата, при што поради оценката дека преземените генерални мерки се доволни за целите на извршување на оваа пресуда, од страна на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е веќе изготвен акционен извештај и истиот е доставен до Комитетот на министри со предлог за затварање на надзорот над извршувањето на оваа пресуда.

- **Група на предмети Првославна Охридска Архиепископија (ГРКО-ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА НА ПЕЌКАТА ПАТРИЈАРШИЈА) против Република Македонија (Православна Охридска Архиепископија (ГРКО-ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА НА ПЕЌКАТА ПАТРИЈАРШИЈА) против Република Македонија – водечки предмет, А.бр. 3532/07, пресуда од 16 ноември 2017 (правосилна на 09 април 2018), Бекташиска верска заедница и други А.бр. 48044/10 пресуда од 12 април 2018 г. (правосилна на 10 септември 2018));**

Во однос на овие пресуди, г-а Цонова ги информираше присутните за развојот на настаните по однос на индивидуалните мерки, односно за текот на повторените постапки врз основа на расположливите информации, при што Бирото истакна дека ќе прибира дополнителни информации во обид да го следи развојот на постапките, а за целите на информирање на надлежите во Советот на Европа.

- **Шиповиќ против Република Северна Македонија, А.бр. 77805/14 и 77807/14, одлука објавена на 1 април 2021 г.**

Во овој случај станува збор за одлука на ЕСЧП со која Судот ја одби апликацијата како недопуштена заради недостаток на статус на жртва на апликантите.

На крајот меѓудругото, на присутните им беше предочен записникот од претходно одржаната седница на Комисијата, кој поради смена на министерската позиција во Министерството за правда, беше одржана во присуство на претходниот министер за правда и истиот беше усвоен.

Меѓуресорската комисија му препорача на Бирото за застапување на РСМ и понатаму да делува проактивно во однос на комуникацијата со надлежните институции во државата, но и оние на Советот на Европа, во однос на извршувањето на пресудите на ЕСЧП, а согласно неговите законски надлежности и овластувања.

Согласно усвоениот дневен ред и дискусијата на 20-тиот состанок на Меѓуресорската Комисија беа усвоени следните:

**Заклучоци и препораки од 20-тата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**

1.1. Група на предмети Китановски против Република Македонија (Китановски против Република Македонија – водечки предмет А.бр.15191/12, пресуда од 22 јануари 2015 (правосилна на 22 април 2015 г.); Аслани против Република Македонија, А.бр.24058/13, пресуда од 10 декември 2015 (правосилна на 10 март 2016 г.); Андоновски против Република Македонија, А. бр. 24312/10, пресуда од 23 јули 2015 (правосилна на 23 септември 2015); Илиевска против Република Македонија А.бр. 20136/11, пресуда од 7 мај 2015 г. (правосилна на 7 август 2015 г.); Трендафиловски против Република Северна Македонија, А.бр. 59119/15, пресуда од 17 декември 2020 г. (правосилна од истиот датум); X и Y против Република Северна Македонија А.бр. 173/17 пресуда од 5 ноември 2020 (правосилна на 5 февруари 2021 г.); и

1.2. Хајрулаху против Република Македонија, А.бр. 37537/07, пресуда од 29 октомври 2015 година (правосилна на 29 јануари 2016);

Се препорачува на Собранието на РСМ, да ја информира преку Министерство за правда -Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП, Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, дали е направен избор и кога по Одлуката за распишување на јавен оглас за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството, објавена во Службен весник на РСМ бр. 102 од 7 мај 2021 г., согласно членот 68 став 2 од Уставот на РСМ и членот 11-д од Законот за Народниот правобранител. Доколку изборот не е направен, се препорачува Собранието на РСМ да ја информира преку Министерство за правда - Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП, Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, за фазата во која се наоѓа постапката, како и за причините поради кои не е направен избор

досега, а воедно се препорачува Собранието на РСМ да ја спроведе постапката за избор во најкраток рок и за тоа повратно да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министертство за правда - Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

1.3. Бошкоски против Република Северна Македонија, А.бр. 71034/13, пресуда од 4 јуни 2020 г. (правосилна на 4 септември 2020 г.); и

1.4. Јаневски против Република Северна Македонија, А.бр.30259/15, пресуда од 19 ноември 2020 г. (правосилна од истиот датум);

Се препорачува на Врховниот суд на РСМ да ја разгледа можноста за усвојување на соодветен став/ставови од страна на Врховниот суд, имајќи ги предвид причините за констатираните повреди на членот 6 од ЕКЧП во пресудите: Атанасов (бр. 2), А.бр. 41188/06, од 19 април 2011, конечна на 19 јули 2011; Душко Ивановски, А.бр. 10718/05, од 24 април 2014, конечна на 24 јули 2014; Иљази, А.бр. 56539/08, од 3 октомври 2013, конечна на 3 јануари 2014; Пападакис, А.бр. 50254/07, од 26 февруари 2013, конечна на 26 мај 2013; Трампевски, А.бр. 4570/07, од 10 јули 2012, конечна на 10 октомври 2012; Смичковски, А.бр. 15477/14, од 5 јули 2018, конечна на 5 јули 2018; Асани, А.бр. 27962/10, од 1 февруари 2018, конечна на 1 мај 2018; Зибери, А.бр. 2166/15, од 6 јуни 2019, конечна на 6 јуни 2019; Бошкоски, А.бр. 71034/13, од 4 јуни 2020, конечна на 4 септември 2020; и Јаневски, А.бр. 30259/15, од 19 ноември 2020, конечна на 19 ноември 2020; сите против државата од аспект на сослушување на сведоците во кривичните постапки и исклучувањето на јавноста во случајот Бошкоски против РСМ, А.бр. 71034/13 со кој ќе се одразат релевантните ставови на ЕСЧП и за тоа повратно да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП најдоцна до 1 септември 2021.

В.Д. Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП - Владин агент,
м-р Даница Џонова

Министер за правда,
м-р Бојан Маричиќ